Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ" бр.02/05 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024 ),член 71 став 1 точка 8 од Статутот на општина Берово („Службен гласник на Општина Берово„ бр.13/02,18/07,30/08,20/10,20/19,47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**Правилник за реализирање на службени патувања во земјата и трошоците кои се признаваат како службени**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува постапката која треба да се применува и почитува при реализација на службените патувања во земјата и трошоците кои се признаваат како службени.

## II ПОСТАПКА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВОЗЕМЈАТА

**Член 2**

Под службено патување во земјата се подразбира службено патување на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Пред секое службено патување во земјата, лицето кое е упатено, е должно да поседува уредно пополнет и заверен патен налог.

**Член 4**

До Одделението за управување со човечки ресурси се доставуваат:

-покана и агенда (образложение за патувањето и податоци за термините и условите за негова реализација)

Одделението за управување со човечки ресурси подготвува патен налог и најдоцна во рок од еден ден го доставува на одобрување до Градоначалникот.

По исклучок од став 1 од овој член, Градоначалникот нема обврска да побара одобрување за службено патување.

Во случај на закажан работен состанок за кој нема покана или агенда, патувањето се одобрува непосредно пред тргнување.

**Член 5**

Лицето кое се упатува на службено патување најдоцна во рок од 3 дена по завршувањето на патувањето, до Одделението за финансиски прашања го доставува

уредно пополнетиот патен налог со целокупната пропратна документација која се однесува на патувањето, за конечна пресметка на службените издатоци.

**Член 6**

Целокупната документација за патувањето се доставува до Градоначалникот на конечно одобрување на дневниците и другите издатоци од патувањето.

## III ИЗДАТОЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА

**Член 7**

Издатоците за службено патување во земјата ги опфаќаат издатоците за сместување, исхрана и превоз.

Издатоците за сместување се пресметуваат врз основа на платена сметка за хотел со категорија до четири ѕвездички.

Издатоците за исхрана се пресметуваат преку дневницата, односно се составен дел на дневницата.

Издатоците за дневниците за патување се определени со Колективниот договор на вработените во Општина Беровои Одлуката за извршување на буџет на Општина Берово.

Издатоците за превоз се пресметуваат во висина на цената од патничката тарифа за превоз со средство од оној вид и класа што е одобрено да се користи на службеното патување.

Издатокот за превоз во местото на службено патување се пресметува во висина на цената на користеното средство за јавен превоз (такси, автобус, метро, трамвај...).

**Член 8**

Издатоците што ќе настанат од користење телефон а се неопходни за вршење на определени задачи и работи, се пресметуваат врз основа на соодветна сметка.

**Член 9**

Доколку со патниот налог се приложи и сметка за трошоци направени во угостителски објекти за службени потреби, Одделението за финансиски прашања врши увид заради навремено евидентирање и ажурирање на трошоците за угостителски услуги.

## IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

За се што не е наведено во овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

**Член 11**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во Службен гласник на Општина Берово.

Дел бр. 01-4055/1

06.12.2024 година

Општина Берово
Градоначалник
Звонко Пекевски